Влада на Република Северна Македонија

Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор

# З А П И С Н И К

од Осумнаесетта (дописна) седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, одржана на 10.12.2019 година

Скопје, декември 2019 година

# ЗАПИСНИК
од Осумнаесетта (дописна) седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, одржана на 10.12.2019 година

Дописната седница започна во 09:00 часот, на веб-локацијата на Одделението за соработка со невладини организации www.nvosorabotka.gov.mk.

На 18. (дописна) седница учествуваа: претседателката на Советот, Фани Каранфилова-Пановска од Фондацијата Отворено општество Македонија Скопје; заменичката на претседателката на Советот, Гордана Гапиќ-Димитровска, Министерство за информатичко општество и администрација; и членовите на Советот: Јасминка Ангелова, Министерство за внатрешни работи; Софија Кузмановска, Министерство за економија; Душан Томшиќ, Министерство за труд и социјална политика; Ели Чакар, Министерство за локална самоуправа; Христина Конеска-Бероска, Секретаријат за европски прашања; Атула Касуми, Министерство за политички систем и односи помеѓу заедниците; Томислав Андоновски, Агенција за млади и спорт; Сабина Факиќ, Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации ЦГК Скопје; Уранија Пировска, Здружение Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија Скопје; Зоран Илиески, Коалиција на младински организации СЕГА Прилеп; Марио Јанчев, Здружение на граѓани СОС Детско село Македонија Скопје; Ирена Цветковиќ, Здружение за унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска Скопје; Елизабета Божиноска, Здружение на граѓани Х.Е.Р.А. Асоцијација за здравствена едукација и истражување Скопје; Лилјана Јоноски, Здружение Рурална коалиција Куманово; Јане Чаловски, Јадро Асоцијација на независната културна сцена Скопје и Ана Чоловиќ-Лешоска, Здружение Центар за истражување и информирање за животната средина Еко-свест Скопје.

Во текот на гласањето по точките од дневниот ред не учествуваа: Валентина Шаурек, Министерство за правда; Сафет Незири, Министерство за образование и наука; Сашо Секуловски, Министерство за животна средина и просторно планирање и Силвија Митевска, Здружение за унапредување на меѓусебна доверба Такт Скопје.

*

*   *

## ДНЕВЕН РЕД

- Усвојување на Записникот од 17. седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, одржана на 25.11.2019 година

1. Предлог-Програма за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2020 година

2. Предлог-Одлука за критериумите и постапката за распределба на средства за финансиска поддршка на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија

*

*    *

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, со 18 гласа „за“ и ниту еден глас „против“, го усвои Записникот од 17. седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, одржана на 25.11.2019 година.

**Точка 1**

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, со 18 гласа „за“, од кои 10 гласа на членовите од редот на граѓанските организации и ниту еден глас „против“, ја поддржа Предлог-Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2020 година.

**Точка 2**

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, со 18 гласа „за“, од кои 10 гласа на членовите од редот на граѓанските организации и ниту еден глас „против“, ја поддржа Предлог-Одлуката за критериумите и постапката за распределба на средства за финансиска поддршка на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија.

Дописната седница траеше до 21:00 часот.

Претседателка на Советот за соработка со
и развој на граѓанскиот сектор
Фани Каранфилова-Пановска

Подготвила: Загорка Видоевска
Контролирала: Сања Савовска
Одобрила: м-р Сузана Никодијевиќ-Филиповска